# студентско ехо

БРОЈ 29, ОКТОМВРИ 2025
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



GOCE DELCEV UNIVERSITY

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY

Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

## СОДРЖИНА:


4. МАРИЈА КОРИНА МАЧАДО ЈА ДОБИ ПРЕСТИЖНАТА НОБЕЛОВА НАГРАДА ЗА МИР ЗА 2025 Г.
6. ДЕБАТА ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ
7. ЕРАЗМУС ДЕНОВИ СО ACE2EU АЛИЈАНСАТА
8. САРА ПАНЕВА И БОЈАНА ТАСЕВА ОД УГД, ГО ДОБИЈА ПРИЗНАНИЕТО "ИНЖИНЕРИСКИОТ ПРСТЕН"
10. ПОВОД 27МИ СЕПТЕМВРИ СВЕТСКИ ДЕН НА ТУРИЗМОТ
11. МИХАИЛО МИРАСЧИЕВ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОМА
12. УПИСИТЕ ЗА АКАДЕМСКАТА 2025/2026 НИЗ БРОЈКИ
13. ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС НА УГД-ШТИП
15. ПРВИОТ АКАДЕМСКИ ЧАС - ПОЧЕТОК НА МОЕТО СТУДЕНТСКО ПАТУВАЊЕ
16. ГО НАПРАВИВ ЛИ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР? ДАЛИ ДЕЛУВАВ ХРАБРО И ИЗБРАВ МУДРО
18. БУБАМАРИТЕ - МАЛИТЕ ЧУВАРИ НА ПРИРОДАТА
22. ЗОШТО НЕКОИ СТУДЕНТИ НЕ КОНКУРИРААТ ЗА ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА
23. ЗАВРШИ КОНКУРСОТ ЗА ЕРАЗМУС + МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ ВО 2025/2026
24. МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
25. НА 15.09.2025 ГОДИНА ИЗБРАНИТЕ ДЕКАНИ СТАПИЈА НА ДОЛЖНОСТ
26. СТУДЕНТОТ КАКО НОВИНАР
27. ЕКСПО - ИНОВАТИВНИ И КРЕАТИВНИ РЕШЕНИЈА СО УНИКАТНИ АРХИТЕКТОНСКИ ГРАДБИ
28. ВО ПОСЕТА НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ВО КАВАДАРЦИ
30. ДРЖАВИ СО ДВА ГЛАВНИ ГРАДА
34. ЕКО-АКТИВИСТКАТАГРЕТА ТУНБЕРГЈА ПОСЕТИ МАКЕДОНИЈА
35. МИЛА ТОДОРОВА ПРИКАЗНА ОД ПРАКТИЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ ВО ТВ АЛФА
36. ПОЛОВИНА ВЕК ОД РАЃАЊЕТО НА ПРВОТО ДЕТЕ ОД ЕПРУВЕТА
37. АКТИВНОСТ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА НА УГД-ШТИП
38. ШТО Е УНИВЕРЗИЈАДА?
39. УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ И ВРАБОТЕНИ ПРИ УГД НА 21 WIZZ AIR СКОПСКИ МАРАТОН
40. АРМАНД ДУПЛАНТИС СПОРТИСТ КОЈ ГИ РУШИ СОПСТВЕНИТЕ РЕКОРДИ


## ИМПРЕСУМ:


**„Студентско ехо" 29**
**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев"**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година**
**(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# МАРИЈА КОРИНА МАЧАДО ЈА ДОБИ ПРЕСТИЖНАТА НОБЕЛОВА НАГРАДА ЗА МИР ЗА 2025 ГОДИНА






Комитетот за доделување на Нобеловата награда за мир на 10.10.2025 година донесе одлука Нобеловата наградата за мир за 2025 година да ја додели на Марија Корина Мачадо, лидер на опозицијата во Венецуела. Станува збор за жена која енергично се залага за почитување на човековите права и мирна транзиција на власта во Венецуела.

- Наградата оди кај храбар поборник за мир, жена што го предводи преминот од диктатура кон демократија и претставува симбол на обединување во време кога демократијата е под притисок. Наградата оди кај храбар поборник за мир, жена што го предводи преминот од диктатура кон демократија и претставува симбол на обединување во време кога демократијата е под притисок, изјави претседателеот на Комитетот, Јорген Ватне Фриднес.

Нобеловите награди го носат името на шведскиот индустријалец Алфред Нобел, кој го основал. Единствено наградата за мир се доделува во Осло, додека останатите се објавуваат и врачуваат во шведската престолнина Стокхолм.

По објавувањето, наградата за мир ќе биде свечено врачена на 10 декември во Осло, а ден претходно – на 9 декември – лауреатката ќе одржи прес-конференција.

Оваа година за наградата беа номинирани 338 личности и организации. Списокот со номинирани останува таен и се објавува по 50 години.

Добитникот на Нобеловата награда за мир добива златен медал од 18 карати, изработен од норвешкиот скулптор Густав Вигеланд, диплома изработена од познати калиграфи и парична награда од 11 милиони шведски круни (околу 1,19 милиони долари).

Нобеловата награда за мир се доделува од 1901 година, а досега се избрани 105 лауреати. Наградата не е доделувана 19 пати, најчесто во време на војни или кога Комитетот оценил дека нема соодветен кандидат. Меѓу лауреатите има 19 жени. Наградата за мир е единствено еднаш доделена постхумно – во 1961 година на шведскиот дипломат Даг Хамаршелд, кој загинал во авионска несреќа во Африка.

Во историјата биле номинирани Махатма Ганди, Винстон Черчил, Франклин Рузвелт, Хуан и Ева Перон, Лав Толстој и други, а меѓу контроверзните – Мусолини, Хитлер и Сталин.

Минатата година наградата беше доделена на јапонската асоцијација на преживеаните од атомските бомби „Нихон хиданкјо“, во годината кога се одбележуваа 80 години од нуклеарните напади врз Хирошима и Нагасаки.

До последен момент во игра за добивање на Нобеловата награда за мир беше и претседателот на САД, Доналд Трамп, кој се залагаше за постигнување на мир во Украина и Газа. И покрај неговата заложба за постигнување мир, тој не ја доби наградата.

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ДЕБАТА ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ

**На 10. Октомври на Правниот факултет се одржа интересна дебата на тема "Младите во фокус: Сајбер-безбедност, информираност и изборни процеси". На дебатата во фокусот беа ставени дезинформациите, странското влијание и нивното влијание врз јавната перцепција кај младите. Исто така, студентите беа запознати и со главните сајбер закани за време на изборни процеси, од каде најчесто доаѓаат нападите, институционален одговор на нападите, но, и на што да внимаваат младите за поголема безбедност.**



За искуствата на Државната изборна комисија (ДИК) од аспект на сајбер-напади зборуваа Радица Тодоровска-Алексовска и Адмир Шабани, кои се задржаа на искуствата од претходните избори и опасности, манипулативните практики врз гласачите, на што треба да внимаваат младите гласачи и како да донесуваат одлуки. Членовите на ДИК се фокусираа на случајот на паѓањето на софтверот и целокупниот информатички систем.
На крајот студентите активно се вклучија во дебатата со свои ставови, размислувања и поставање на прашања. Општ е заклучокот дека студентите од Правниот факултет на УГД-Штип покажаа дека сакаат вакви настани, но и дека научија повеќе за сајбер-безбедноста за време на избори. Модератор на настанот беше Маја Блажевска-Евросимовска.





# ЕРАЗМУС ДЕНОВИ СО

ACE² EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged











На УГД се одржа прекрасен настан посветен на одбележување на Еразмус + програграмата во контекст на ACE2EU. На настанот присуствуваа голем број студенти од сите циклуси на студии (прв, втор и трет) кои беа запознати со можностите што ги нуди европската Универзитетска алијанса ACE2EU, во која УГД е еден од членките.
На настанот беа претставени сите работни пакети на Алијансата со кои студентите беа информирани со функционирањето на меѓууниверзитетските програми кои отвораат нови перспективи за студирање и практична работа во европските земји, односно како овие програми влијаат на личниот и академскиот развој. Овој настан всушност беше покажување на вратата на студентите кон европското академско семјство и поттик за вклучување во нови европски иницијативи.
На настанот беа претставени следните работни пакети:

Работен пакет 2 (APP Factory): проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ
Работен пакет 3 (ARIES Incubator): проф. д-р Сара Сребренковска
Работен пакет 4 (Societal Partnerships & Cultural Engagement – SPACE Centre): проф. д-р Даниела Коцева

На настанот беа прикажани позитивни искуства од студенти со цел подобро да се претстави Програмата.
Модератор на настанот беше проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска.

# САРА ПАНЕВА И БОЈАНА ТАСЕВА ОД УГД, ГО ДОБИЈА ПРИЗНАНИЕТО “ИНЖИНЕРИСКИОТ ПРСТЕН” ЗА 2025



**Една од најпрестижните манифестации во Македонија со која се наградува знаењето на студентите од техничките факултети е доделувањето на признанието “Инжинериски прстен”. Покровител на оваа престижна манифестација е Претседателката на Републиката, со што се дава поголема тежина на настанот, а пред се на наградата. Посебна убавина на манифестацијата дава местото и амбиенот на доделување на признанието. Не случајно е одбран Охрид и плато на црквата „Свети Климент и Пантелејмон“ – Плаошник, затоа што тоа е локација која мотивира и инспирира за поголеми достигнувања.**





За 2025 година од УГД-Штип беа номинирани две студентки од техничките факултети, кои во своето четиригодишно студирање оствариле највисок просек. Манифестацијата оваа година се одбележува по 22ри пат.

- Да се доделуваат прстени на најуспешните студенти од инженерските дисциплини, не е само сатисфакција и надомест за вашиот труд, за младите инженери, ниту само е потстрек за продолжување по патот на науката и понатамошно усовршување, туку тој чин, мене барем, ми значи потсетување на човечкиот потенцијал кој го имаме, а нема повредно нешто од него, само не секогаш сме свесни за тоа. Ние сме должни да создадеме дополнителни услови за ваше напредување, се разбира, дома, не случајно се раѓаме некаде. Само една татковина секој има, вели Бернард Шо, каде и да одите, се враќате на крајот. За среќа денеска со дигитализацијата и со вештачката интелигенција, можете да бидете истовремено и тука. Одете, натпреварувајте се, докажувајте се, но враќајте се. Беспредметно е за мене да се зборува за значењето на инженерските професии бидејќи вие не само што ја обликувате сегашноста тука, на сите ни е јасно дека ќе ја обликувате и иднината. Вие сте тие кои го движите светот, а ние, државата, образовните, научните институции, бизнис-заедницата, граѓанските организации, сме должни да помогнеме да го реализирате она што го поседувате, највредното, знаењето-изјави претседателката Давкова-Силјановска.

Добитнички на инжинериски прстен од УГД-Штип се: Сара Панева од Факултет за природни и технички науки и Бојана Тасева од Факултет за информатика.

На Сара и Бојана и посакуваме успех во нивната понатамошна кариера.





# ПОВОД 27ми СЕПТЕМВРИ
# СВЕТСКИ ДЕН НА ТУРИЗМОТ
## Македонија е приказна само треба да се раскаже

UNWTO
World Tourism Organization

На 27 септември ширум светот се одбележува Меѓународниот ден на туризмот. Овој ден е востановен од Светската туристичка организација (UNWTO) во 1980. Датумот ја одбележува годишнината од усвојувањето на Статутот на Организацијата во 1970 година. Секоја година СТО се фокусира на одредена тема од туризмот. Во 2023 година темата беше „Туризам и зелени инвестиции". Во 2024 година темата беше "Туризмот и мир". Во 2025 година темата е "Туризмот и одржлива трансформација". Оваа тема ја нагласува важноста туризмот да се трансформира ткако поодржлив и поеколошки.

Во сите држави во светот на пригоден начин се одбележува овој значаен ден. Туризмот асоцира на патувања и запознавања на нови непознати туристички дестинации. Тој е феномен кој мотивира, инспирира, социјализира, едуцира, мобилизира. Придонесува за зближување на различните култури, дури и на оние кои во минатото имале недоразбирање. Светот е една голема книга која може да се прочите единствено со туризмот. Секое патување е едно прочитано поглавје од големата книга, која не мотивира да продолжиме со читање (патување) на нови поглавја.




Туризмот е глобална индустрија која вклучува луѓе кои патуваат на различни дестинации за одмор, истражување и релаксација. Тој игра најважна улога во економијата на земјите низ целиот свет, генерира приходи, создава работни места и промовира културни вредности. Неговиот потенцијал е огромен. Но, тој е единствената индустрија која е отпорна на светски економски кризи. Лесно е прилагодлив и адаптибилен на сите видови на промени и притисоци. Македонија е приказна сама по себе. Поседува огромен туристички потенцијали од сите видови. Но, нејзината приказна треба да се раскаже на начин која ќе допре до секој турист кој ќе го мотивира да ја посети нашата држава. За да се раскаже добра приказна за Македонија која лесно ќе се продаде потребно е да се вклучат сите субјекти кои знаат да ја спакуваат истата.



# МИХАИЛО МИРАСЧИЕВ
## нов претседател на СОМА



Асоцијацијата на студентите по медицина СОМА избра ново раководство, кое во наредниот период ќе ја води организацијата. Членовите на СОМА за претседател го избраа, Михаило Мирасчиев, студентт по Општа медицина, кој најави голема активност и вклучување на нови студенти во работата на организацијата. Новоизбраниот претседател, освен што е посветен на студиите по медицина, тој е член на ОК Штип УГД, со кој двапати по ред го освоија Купот на Македонија во одбојка. Спортскиот успех го доведе и до националната одбојкарската репрезентацијата. Тој е вистински пример за постигнување на баланс помеѓу студирањето и бавењето со врвен спорт. Според него, спортот многу му помогнал да изгради карактер со победнички менталитет, вклопување во тимска работа, дисциплина и самодоверба, но и да биде упорен поразот да го претвори во победа. Во новото раководство на СОМА се избрани добри и посветени студенти кои преку студентски активизам сакаат да воведат нови вредности во работењето на организацијата, кои полагаат многу во својот личен и професионален развој.

Во новото раководство на СОМА се избрани добри и посветени студенти кои преку студентски активизам најавуваат промени во делувањето на СОМА, кое ќе биде препознатливо по креирање на здрава и поттикнувачка атмосфера за студентите.

- Моја главна цел е во СОМА да се вклучат и нови студенти кои досега не биле вклучени во работата на организацијата, но и да изградиме чувство на припадност, а пасивните да ги мотивираме да станат активни членови. Нашата визија е СОМА за пет години да израсне како професионално здружение со високи стандарди во студентското организирање, кое преку проекти ќе остави голем белег во студентската организација и пошироката општествена заедница- изјави Мирасчиев.

На новизбраното раководство на СОМА му посакуваме успех во работата и реализација на зацртаните планови, а во еден од наредните изданија на Студентско Ехо ќе ги претставиуме нивните проекти. Со среќа.



# Уписите за академската 2025/2026 низ бројки



Уписите на сите три циклуси на студирање завршија успешно. Бројките на запишаните студенти се добри и гарантираат самоодржливост на УГД. Во академската 2025/26 година бројките се поголеми во однос на минатогодишниот упис. Традиционално најголем интерес имаше на Факултетот за медицински науки и сите места на сите студиски програми се пополнија уште во првиот уписен рок. Но, студентите покажаа интерес за упис и на другите факултети.

Според изјавата на Ректорот на УГД, проф. Дејан Мираковски на свеченоста на почетокот на првиот академски час, на студиите од прв циклус на студии на 15 универзитетски единици се запишаа над 1500 студенти.

Исто така, УГД распиша Конкурс за упис на втор циклус на студии на сите акредидирани студиски програми. Заинтересираните кандидати се пријавија по електронски пат преку креирање електронска пријава за упис на наменски линк за Уписи во втор циклус. Запишувањето на примените кандидати за втор циклус студии беше реализирано до средината на октомври.

До заклучување на бројот на списанието немаме официјална бројка за запишани студенти на втор циклус, бидејќи процесот се уште трае.

На 03.10.2025 година, Конкурсната комисија за трет циклус ја утврди Конечната ранг листа за запишување студенти трет циклус-докторски студии. На акредитираните студиски програми за трет циклус на студии се пријавија 58 студенти кои се заинтересирани да го продолжат своето образование на УГД. Најмногу се пријавија на Факултетот за медицински науки-38, Правниот факултет-7, Земјоделски факултет-3, Економски факултет-3, Факултет за образовни науки-2, Технолошко-техничкиот–2, Информатика-2 и ФПТН-1.

Со Одлука од ННС ќе се определи дали има потреба од полагање на диференцијални испити и кои испити.

Бројките на запишани студенти на трите циклуси на студии гарантираат одржливост на УГД, но тоа не треба да не залажува. Во Ректоратот и на сите универзитетски единици се прави план за наредниот упис, со цел бројките да бидат стабилни и поголеми.





# ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС НА УГД-ШТИП

На 01.10.2025 година со пригодена свеченост и пригоден говор на Ректорот проф. д-р Дејан Мираковски е означен почетокот на новата академска година за над 8000 студенти на УГД на сите три циклуси од кои околу 1500 бруцоши. Најголема возбуда се приметуваше кај бруцошите, бидејќи за првпат го почуствуваа студентскиот живот. Свеченоста се одржа на платото пред Економскиот факултет, каде со пригодна програма, мотивациони говори на успешни студенти и настап на студенти од Музичката академија се означи почетокот на првиот академски час на сите студенти. Пред судентите и академската заедница на УГД се обрати Ректорот.

- Почетокот на академската година е можност нашите студенти, кои го избраа Универзитето "Гоце Делчев", да учат од најмодерни дигитални библиотеки, во најмодерните лаборатории, да бидат дел од меѓународни размени, да добијат европска диплома овде кај нас, да бидат подготвени за тоа што ги чека во иднина. Ме радува што во уште во првиот уписен рок над 90% од запишаните студенти го избраа нашиот Универзитет. Што значи Универзитетот „Гоце Делчев" станува прв и препознатлив избор за високото образование. На студентите ќе им посакам многу успех, во учењето да бидат свои, да бидат истрајни се надевам дека Универзитетот заедно со сите професори и вработени ќе им биде поддршка во патот, кој ги очекува, истакна Мираковски.

Ректорот, во своето обраќање, ги охрабри студентите да бидат активни во студентската асоцијација, да прашуваат, да предлагаат, да иницираат, да укажуваат, но и да постигнуваат високи резултати во студирањето. Но, и да се потрудат да бидат дел од прекрасната можност што ја нуди УГД, а тоа е ЕРАЗМУС програмата која нуди престој на студентите на еден од европските универзитети.

Свое обраќање имаше и студентката Ангела Радева.

- Универзитетот "Гоце Делчев" е најдигитализираниот универзитет во нашата земја. Студирањето на УГД е олеснето со дигиталните алатки, како што се: е-учење, е-библиотека, студентска е-пошта и др. Овие алатки го прават студирањето полесно и во целосте усогласен со европските универзитетски стандарди.Истотака,наУГДголемовниманиесепосветува на практичната настава и Еразмус + програмата, што на нас студентите ни значи и ни обезбедува конкурентност во идните наши професии. Нашиот универзитет е членка на Европската универзитетска алијанса, заедно со уште други девет држави од Европа, кои нудат дополнителна можност за мобилност и престој на студентите на сите три циклуси на студии. На бруцошите им посакувам топло добредојде на УГД и со среќа во новите академски достигнувања.

Настанот имаше особено значење за бруцошите, кои штотуку зачекоруваат во нова средина со нов предизвик, со надеж и големи очекувања. На нивните лица се забележуваше збунетост и вознемиреност од непознатото, но и амбиција за нивната идна професија. Универзитетот е место каде студентите ќе се сретнат и поврзат со нови студенти од генерацијата кои ќе прераснат во вистински пријателства кои ќе траат цел живот. Универзитетот е институција кој ќе им го отвори патот и ќе им даде шанса која треба да ја зграпчат до крајот на својот живот.













ДИМИТАР ПАНОВСКИ

# ПРВИОТ АКАДЕМСКИ ЧАС

## ПОЧЕТОК НА МОЕТО СТУДЕНТСКО ПАТУВАЊЕ








Беше крајот на септември кога во моето сандаче пристигна е-пошта со наслов „Покана за прв академски час на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип..

Поканата звучеше свечено, како најава за нешто што одамна го очекував; моето прво студентско поглавје. Три години двоумење, страв и надеж се преплетуваа во мене. Си помислив ова за мене е нов почеток, кој мора да заврши со успешен крај.

Неколку дена пред да заминам од дома почуствував нервоза и возбуда. Возбудата ги обзема и моите родители кои ги правеа последните подготовки, а баба ми ме испрати со нејзиниот вобичаен адет и благослов - истурање вода за среќа. Патот од Струмица до Штип ми беше долг, а секое село што го минував го чувствував како чекор кон нов почеток. Кога го видов знакот „Штип", срцето ми заигра и возбуден си помислив: пред мене е нова реалност, почетна точка во животот.

Кога пристигнав на платото пред Економскиот факултет, вриеше од млади луѓе во чии очи блескаше енергија со многу желби. Млади лица, насмевки, фотоапарати и звуци од џез музика ме опколија. Иако се чувствував малку изгубено, атмосферата беше заразна. Се сеќавам како да бев единствениот без пријател до себе, но истовремено, почувствував дека сум дел од нешто возвишено. Академскиот час започна со џез музика од студентска група, проследена со химни и кратки свечени говори. Пригодна свеченост имаше и на Правниот факултет, поточно во судницата, каде за прв пат седев во вистинска судница. До мене седеше еден професор, но, не му го знев името. Кога заврши свечениот чин, професорот Андон Мајхошев, педантно облечен и харизматичен, седна до мене и ме праша: „Ти си на Медиумски студии и односи со јавноста?" – „Да," одговорив, уште не свесен дека оваа кратка средба ќе биде почеток на многу нови можности и предизвици. Потоа, проф. Страшко Стојановски, топол и едноставен човек, ни ги покажа предавалните и простории на Правниот факултет. На крајот, тој праша кои студенти се запишани на Медиумски студии и односи со јавноста. Ја кренав раката, а кога тој ме забележа, ме повика да ги запознаам моите нови колеги; првиот контакт што веднаш ми донесе чувство на припадност.

Кога се вратив дома, со индексот во рака и насмевка на лице, почувствував дека тоа не беше само почеток на семестар. Беше почеток на моето студентско патување, на приказна која сам ќе ја пишувам, секој ден полега но сигурно. Првиот академски час ми ја покажа мојата иднина, а јас сам ќе ја пишувам со помош на професорите во кои уште на самиот старт почуствував дека сум во сигурни раце..

ЦВЕТКОВА БЛАГИЦА

# ГО НАПРАВИВ ЛИ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР? ДАЛИ ДЕЛУВАВ ХРАБРО И ИЗБРАВ МУДРО



01.10.20205 - Ден за прв академски час на "УГД". Се разбудив порано, што за мене е вообичаено пред секој важен настан. Утринското кафе го немаше вообичаениот вкус кога чувството на вознемиреност преовладува.

Набрзина фрлив поглед во гардероберот и веќе знам што ќе облечам. Не. Ова нема смисла. Два пара фармерки плус - за секој случај. Добар ми беше првиот избор, се беше како што треба, можеби не? На излегување од дома, чувството на вознемиреност го изгубив. Стравот го снемав.

Влегов во таксито, единствено прашање што си го поставив беше: "Го направив ли вистинскиот избор?". Без страв.

Најголема желба ми беше да студирам во Словенија. Две години се подготвував за мојот иден избор на студии, а изборот беше јасен - Копер, Словенија. Ќе студирав психологија, поточно биопсихологија. Бев спремна се што имав овде да остане овде, а јас да продолжам или подобро кажано - започнам таму.

Не бев потполно сигурна дека ќе успеам, но имав надеж и голема поддршка. Последните две години од средно училиште се посветив целосно на учењето за да постигнам максимални резултати, аплицирав, подготвив документи. Се беше залудно. Не успеав. Ме надвлада чуство на изгубена самодоверба, но си помислив дека можеби овдје ќе ми биде подобро. Одлучив да останам овде, а мојот изборот на факултет беше случајност. Иако не верувам во случајност - можеби ова беше една. Моите родители сакаа да продолжам на Дентална медицина, а јас, не знаев што сакам. Чувствував празнина и пораз. Во главата ми се вртеа многу опции за студирање. Размислував да се запишам на студии по англиски јазик и книжевност, додека не налетав на нешто што предизвика некој жар во мене - Медиумски студии и односи со јавоста. Нов предизвик зошто да не? Првиот академски час, секој чекор ми носеше возбуда, непозната за мојата личност. Возбуда која ми предизвика среќа и љубопитност. Љубопитност за нов и следен предизвик.

На првото предавање, секоја можност, активност која ќе ја спомнеше професорот ми разбуди нешто кое само можеш да го почувствуваш. Чувство кое сега додека го пишувам ова можам да ви го приближам само преку неколку реченици - а ќе ме сфати секој што некогаш се почувствувал како странец во сопствената кожа. А тоа е, всушност, секој од нас. Го знаете она чувство на топлина кога знаете дека некаде навистина припаѓате. кога од дома ќе излезеш без очекувања за да не се разочараш. Тоа бев јас.

Се вратив дома и стравот од мене исчезна, уште помалку разочарување. Фасцинантно беше колку можност ќе имам да го покажам својот потенцијал. И нешто што кажав на моите најблиски беше: "Мислам дека си го пронајдов местото на Земјата".

Бев среќна. Како да се ослободив од сеќавањето за минатото. Иако длабоко во себе секогаш ќе го имам она "Што ако?", во овие моменти не жалев што не сум далеку. Почуствував дека нешто подобро ме чека овде. Блиску сум до моите најмили, и поради тоа сум среќна и благодарна.

Но, дали го направив вистинскиот избор? Сеуште ме обзема дилема, но, во мене се појави желба и љубопитност. Доволен знак на нова надеж, мала светлина низ лавиринтот по кој ќе чекорам годиниве се додека не стигнам до вистинскиот одговор. Зарем на сите нас не ни треба некогаш тоа нешто, нов предизвик, нешто што ќе разбуди страст? Па ова може да биде и поттик да излезете од познатото и да пробате од непознатото. Чувството на страв не секогаш има горчлив вкус кога длабоко во себе копнееме по нешто ново. Стравот е присутен само кога ние ќе му дозволиме да навлезе во нас. Неостварените планови и амбиции е животна поука и шанса за нов почеток.



УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

ДАЈАНА САНДЕВА

# БУБАМАРИТЕ
## малите чувари на природата

Бубамарите се едни од најпознатите и најмилувани инсекти во светот. Со својата мала, заоблена форма и шарен изглед, тие често предизвикуваат радост и насмевка кај луѓето. Но, зад нивната слатка појава се крие неверојатна приказна за сила, корисност и природна рамнотежа.

### Природни борци против штетници

Бубамарите се вистински предатори. Тие се хранат со лисни вошки, грини и други мали инсекти кои ги уништуваат растенијата. Една бубамара може да изеде и до 50 вошки дневно, а во текот на својот живот — илјадници!
Затоа земјоделците ги сметаат за „природни пестициди“ и често ги користат за органска заштита на насадите.

### Безброј бои и точки

Иако најчесто ги поврзуваме со црвената боја и црните точки, постојат над 5.000 видови бубамари ширум светот. Нивните бои може да бидат жолти, портокалови, црни, па дури и розови. Интересно е што бројот на точки не ја покажува нивната возраст, туку кој вид се.

### Моќни одбранбени механизми

Кога се чувствуваат загрозени, бубамарите испуштаат жолта, горчлива течност со непријатен мирис. Оваа течност ги одбива птиците и другите предатори.
Покрај тоа, нивната силна боја е предупредување: „Не сум вкусна, остави ме на мир!“

### Зимски сон во друштво

Во текот на зимата, бубамарите паѓаат во вселен зимски сон. Тогаш се собираат во големи групи, понекогаш и по неколку илјади, заедно под кората на дрвјата, меѓу суви лисја или во пукнатини на карпи. Така си ја делат топлината и ја зголемуваат шансата да преживеат до пролет.

### Симбол на среќа и љубов

Во многу култури, бубамарата се смета за знак на среќа. Се верува дека ако ти слета на раката, ќе ти донесе убави вести или љубов. Некои дури велат дека бројот на точки ја покажува бројката на денови до следното радосно изненадување!




















ACE² EUROPEAN UNIVERSITY
Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY | Lietuvos inžinerijos kolegija | LATVIAN ACADEMY OF CULTURE | GOCE DELCEV UNIVERSITY | MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK | KÄRNTEN University of Applied Sciences | UFV Universidad Francisco de Vitoria | Technische Hochschule Ingolstadt

# Зошто некои студенти не конкурираат за ЕРАЗМУС + програмата



Еразмус + програмата за мобилност на студентите за престој на универзитети во други земји е многу популарна и посакувана дестинација меѓу студентите. Таа нуди идеална можност студентите да стекнат нови знаења, практични вештини, искуства и пријателства кои имаат непроценлива вредност. Стотици студенти од УГД ја искористија оваа прекрасна можност да студираат и да обавуваат практична настава на други универзитети ширум Европа. Исто така, УГД е добар домаќин на многу студенти од многу други универзитети ширум Европа.
Сепак, голем број студенти од УГД не сакаат да аплицираат. Меѓу студентите постојат одредни предрасуди дека оваа програма е "привилегија" за најдобрите студенти со висок просек и кои одлично зборуваат англиски јазик или јазикот на земјата домаќин. Дали тоа е така? На оваа тема направивме мало истражување преку контактирање на студенти кои ја ползувале оваа програма.



Прва причина за неаплицирање на студентите е можноста да си го расипат високиот просек, бидејќи испитите се полагаат на англиски јазик. Значи, како пречка се јавува недоволното познавање на англискиот јазик. Но, Еразмус + е прекрасана шанса студентите, преку секојдневна комуникација на англиски јазик со другите студенти да си го подобрат владеењето на јазикот. Секојдневната комуникација со студентите од другите држави на англиски јазик ја подобрува говорната вештина на студентите и ја зајакнуваат нивната самодоверба.

Втора причина е неусогласеноста во целост на студиските програми на Универзитетот на престој со студиската програма на матичниот факултет на кој студираат, поради што студентите кога ќе се вратат на матичниот факултет мора да полагаат разлика во испитите. Меѓу студентите корисници на Еразмус + постои мислење дека на оваа програма секогаш не аплицираат најдобрите, туку најмотивираните, најљубопитните кои освен учење, сакаат и да ги запознаат културните вредности на земјата домаќин.

Трета причина е тоа што предавањето се одвива на англиски јазик, што е реална пречка да не се совлада во целост соодветниот наставен предмет.

Четврто, многу студенти Ерзмус+ програмата ја перцепираат како можност за студентско "олабавување" и "одмор" која нема реална академска вредност.

Петта причина е сложената административна процедура која одзема многу време и енергија и ги одвраќа студентите. Студентите сметаат дека е потребна порационална и пократка процедура.

И покрај наведените предрасуди, ги охрабруваме студентите да ја "зграпчат" шансата и да бидат дел од програмата Еразмус+ за мобилност, бидејќи таа нуди широки можности за академски, професионален и личен развој и отворање на нови хоризонти во животот на секој студент.





# ЗАВРШИ КОНКУРСОТ ЗА ЕРАЗМУС + МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ ВО 2025/2026

Преку програмата Ерзмус + за мобилност и размена на студенти, УГД успешно ја развива интернационализацијата и присутноста во меѓународниот академски простор. Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, има една од најшироко развиените мрежи на соработка со универзитети во Европа и во светот со над 400 договори за соработка и размена на студенти и вработени, за унапредување на нивните знаења и квалификации. Ректорската управа и Одделението за меѓународна соработка интензивно работат за меѓународно интегрирање на УГД преку разни меѓународни форми на соработка, пред се преку Еразмус + програмата за мобилност на студенти и наставниот кадар. Досега, од УГД, откако е воведен Еразмус + програмата, на студентска размена заминале многу студенти од сите факултети и академии. Дополнителна можност за студентски престој на други Универзитети дава и Универзитетската алијанса ACE2EU, во која членуваат девет Универзитети од исто толку земји од Европа.
Деновиве заврши Конкурсот на УГД-Штип за мобилности на студенти за престој на Универзитети во ширум Европа и можеме да кажеме дека интерисот и оваа година е многу голем. За едно место конкурирале 2-3 студенти.



Согласно Конкурсот, оваа година мобилностите се однесуваат за: 19 студентски мобилности за студии (за реализација во летен семестар 2025/2026 г.); 12 студентски мобилности за долг престој за пракса во времетраење од најмалку 60 дена, а најмногу 90 дена; мобилности за краток престој во времетраење од пет до 14 дена.

Според податоците добиени од Канцеларијата, на овогодишниот Конкурсот се пријавиле вкупно 47 кандидати.

**Најмногу апликанти има од Факултетот за медицински науки-29 (21 за пракса и 8 за студии),**



**Правен факултет – краток престој (за докторски студии) – 3,**

**Економски факултет– краток престој (за докторски студии) – 1,**

**Економски – студии – 1,**

**ФПТН – пракса – 2,**

**Туризам и бизнис логистика – студии – 1,**

**Филолошки – студии – 4,**

**Информатика – студии – 3,**

**Ликовна академија – студии – 1 и**

**Туризам и бизнис логистика – пракса – 2.**

# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ



На 26.09.2025 година на Правниот факултет се одржа 12 Меѓународна научна конференција "Општествени промени во глобалниот свет". Конференцијата свечено ја отвори Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски. Свечено обраќање имаше и Деканката на Правниот факултет, проф. д-р Билјана Тодорова која ги поздрави учесниците и посака плодна дискусија на секциите. Годинава на конференцијата учество зедоа околу 100 професори од 15 земји кои ги презентираа најновите научно-истражувачки трудови пред правната и научната академска заедница. Конференцијата работеше во пет секции: право, политика, медиуми, општество и секција на млади истражувачи. Годинава на секцијата на млади истражувачи имаше најмногу учесници што покажува дека кај младите постои голем интерес за бавење со научно-истражувачка работа.

Главни говорници на конференцијата беа проф. д-р Џузепе Каталди од Универзитетот Ориентале од Неапол, Италија, кој зборуваше на тема Предизвици и примена на меѓународното право во услови на воена криза. Професорот Далибор Долежал од Универзитетот во Загреб, Хрватска, ги прикажа резултатите од истражувањето на тема Скриена економија и нелегалните пазари на дрога. Претседателот на Уставниот суд на Република С. Македонија, д-р Дарко Костадиновски зборуваше за Концептот на живиот устав и динамичното толкување и приспособување на Уставот на брзите општествени промени.

Конференцијата имаше и свечен момент. Имено, на проф. Џузепе Каталди му беше доделена титулата почесен професор на УГД (honour causa) за неговиот придонес за развој на соработката со УГД и афирмација на Македонија во меѓународни рамки.

Проф. д-р Билјана Тодорова свечено ја доделува титулата почесен професор на УГД на Проф. д-р Џузепе Каталди

# ПРОФ. Д-Р ЗДЕНКА СТОЈАНОВСКА ИЗБРАНА ЗА В.Д. ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ



Изборот за декани на сите факултети и академии завршија успешно. освен на Факултетот за медицински науки. Трката за деканската функција на ФМУ беше неизвесна и со најмногу кандидати. Дури пет кандидати се натпреваруваа за избор на престижната функција. Во првиот круг гласање ниту еден од кандидатите не го доби потребнотото мнозинство, по што се пристапи на втор круг на гласање. Во вториот круг се натпреваруваа двајцата кандидати кои во првиот круг добија најмногу гласови. Поради еднаков број на гласови на двата кандидати во вториот круг, изборот не беше извршен. По неуспешниот избор на декан на ФМН при УГД-Штип, Ректорот на УГД, проф. Дејан Мираковски, во средината на септември за вд декан на ФМН ја именува проф. д-р Зденка Стојановска со мандат од шест месеци. Професорката Стојановска претходно ја извршуваше функцијата Проректор за наука на УГД и нејзиниот избор претставува континуитет во раководењето на оваа важна институција.

На предлог на в.д. деканката за продеканка е избрана Доцент д-р Кокошкарова.

По завршување на мандатот на в.д. деканката ќе се распише нов конкурс за избор на декан на ФМН по што ќе следува избор на нов декан. Се надеваме дека изборот што следува ќе биде успешен.

# НА 15.09.2025 ГОДИНА ИЗБРАНИТЕ ДЕКАНИ СТАПИЈА НА ДОЛЖНОСТ

- **Музичка академија**
- **Ликовна академија**
- **Филмска академија**
- **Факултет за природни и технички науки**
- **Факултет за информатика**
- **Земјоделски факултет**
- **Машински факултет**
- **Електротехнички факултет**
- **Технолошко-технички факултет**
- **Факултет за медицински науки**
- **Економски факултет**
- **Правен факултет**
- **Факултет за туризам и бизнис логистика**
- **Факултет за образовни науки**
- **Филолошки факултет**
- **Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" (придружна членка)**

По успешното завршување на изборот на Ректор на УГД следуваа изборите за декани на 15 универзитетски единици (12 факултети и 3 академии). На 3ти јули 2025 година се одржаа изборите за декани на 12 факултети и 3 академии. Изборите на сите универзитетски единици завршија успешно и се одвиваа во фер и демократска атмосфера. На неколку универзитетски единици кандидатура истакнаа два кандидати, а на ФМН своја кандидатура истакна дури пет кандидатки/кандидати. На 14 универзитетски единици изборите завршија успешно. На ФМН е избран вршител на должност-декан, кој ќе го раководи факултетот шест месеци, по што ќе се спроведе избор за декан.

Од 15 декани кои ќе ги раководат универзитетските единици, девет се новоизбрани, а пет се реизбрани. На ФМНУ е именувана в.д. деканка. Во новиот состав на раководни лица жените доминираат. Пет декани обезбедија втор мандат, додека девет факултети, односно академии избраа нови раководни лица на институцијата. Интересен е фактот дека од 15 избрани декани/деканки, 10 се жени, а пет се мажи. Бројките покажуваат дека жените знаат и можат успешно да раководат, а УГД се покажа како институција која посветува големо внимание во однос на родовата еднаквост и афирмација на жената научник.

Согласно Законот за високо образование на Македонија и Статутот на УГД, Сенатот и Ректорската управа го потврдија (верифицираа) нивниот избор. Раководните лица на факултетите официјално стапија на должност на 15.09.2025, кога се изврши и примопредавање на должноста. Во наредните три години (2025-2028) новоизбраните декани имаат обврска да ја реализираат програмата врз основа на кој ја добија довербата на ННС. На сите новоизбрани деканки/декани им посакуваме успешен мандат.

ЕВГЕНИЈА ДОНЕВА

# СТУДЕНТОТ КАКО НОВИНАР



Понекогаш светот изгледа ист, а сепак се менува – само затоа што ти си го сменил погледот. До вчера бев само девојка со навика да скролува низ вести на телефон, да кликам на наслови и да се нервирам на коментари. Денес сум студентка по новинарство во Штип, прва година, и одеднаш истите вести ги читам со сосема други очи.

По две години пауза од училишните клупи, со веќе работна навика решив да студирам и одлучив тоа да биде на новинарство-патот што сакам да го одам. Можеби затоа што секогаш сум сакала да раскажувам приказни, можеби затоа што одамна почувствував дека зад секој наслов има нешто поголемо – вистински човек, судбина, ситуација. Но, со почетокот на моето студирање во првите два часа, сфатив дека веста не е само текст. Тоа е голема одговорност, бидејќи текстот може некој да повреди. Или, пакна некој да му ја сруши надежта.

Кога ќе отворам некој портал, повеќе не гледам само „сензационален наслов“. Се прашувам: кој го напишал ова, со која намера, дали е проверено? Забележувам дали се користени извори, дали има балансирана слика. Понекогаш дури ги „разоткривам“ манипулациите – нешто што порано ми минуваше покрај очи.

Студирањето во Штип има своја посебна димензија. Градот не е голем, но токму затоа учиш да забележуваш детали – на плоштадот, во кафуле, на факултетот. Мислам дека тоа е првиот тренинг за секој новинар: да слуша и да гледа таму каде што другите поминуваат рамнодушно. Ми велат дека сум на почетокот. И навистина сум. Прва година, 20 години, полна со прашања и неизвесност. Но чувствувам дека новинарството веќе почнува да ме менува. Веќе не можам да останам рамнодушна на секојдневните вести, а уште помалку на приказните на луѓето околу мене. Сега разбирам дека „веста“ не е некаде далеку – таа е на автобуската станица, во редицата во менза, во разговорот со колегите.

Да се биде студент по Медиумски студии и новинарство значи да учиш како да гледаш на светот со повеќе прашања отколку одговори. И тоа е, можеби, највежната лекција: дека новинарот не е тој што знае сè, туку оној што е доволно љубопитен и доволно упорен за да открие повеќе. А јас, на почетокот од мојот пат, верувам дека токму оваа љубопитност ќе ми помогне не само да бидам новинар, туку и да станам подобар слушател, соговорник и граѓанин. Светот ќе продолжи да изгледа ист. Но, јас веќе никогаш нема да го гледам на истиот начин.



# ЕКСПО - ФАКТОР НА ИНОВАТИВНИ И КРЕАТИВНИ РЕШЕНИЈА СО УНИКАТНИ АРХИТЕКТОНСКИ ГРАДБИ





ЕКСПО е една од најпрестижни меѓународна манифестација која се одржува на 5 години. Многу држави и градови посакуваат да бидат домаќини на оваа манифестација. Градот или државата домаќин на ЕКСПО е светска престолнина за иновации и техолошки пронајдоци, културни настани и нова визија за иднината. Организатор на оваа манифестација е Меѓународната организација за саеми. ЕКСПО како настан во агендата има многу пропратни манифестации (од културен, уметнички карактер. со кои се збогатуваат содржината на настанот.

На ЕКСПО учествуваат многу земји кои изнајмуваат деловен простор на кои се претставуваат со свои успешни приказни. ЕКСПО вообичаено трае од 3-6 месеци и е посетен од неколку милиони посетители. Светската изложба ЕКСПО) според многу критериуми спаѓа во категоријата манифестација која е треторангирана според економско и културолошко влијание и посетеност во меѓународни рамки по Светскот првенство во фудбал и Олимписките игри.

Првиот ЕКСПО бил одржан во Кристалната палата во Хајд Парк во Лондон во 1851 година под наслов “Големата изложба на индустриските постигнувања на сите нации”. Од тогаш до денес се одржаа многу ЕКСПО изложби кои оставија многу иновативни архитектонски и градежни објекти кои денес се светско наследство на човештвото.

Светските изложби ја ослободуваат креативната енергија на многу иновативни луѓе од науката, иноваторството, архитектурата, градежништвото, културата, и со нивните креации го менуваат изгледот на земјата организатор, но и светот. Придобивките се големи од многу аспекти: економски, туристички, културни па се до архитектонски. Секоја држава организатор на ЕКСПО како наследство остануваат многу објекти кои ке ги користат граѓаните. Голем број објекти стануваат тристички атракции кои привлекуваат многу посетители од целиот свет. Така, на пример, Ајфеловата кула во Париз е наследство стекнато од оеганизацијата на Париз на ЕКСПО-во 1889 година го посетуваат милони туристи во текот на годината. Во 1958 година на Светската изложба во Брисел е изграден Атомиум, кој исто така е магнет за туристите. Космичка игла (Space Needle) и Монореил vo Sietl (SAD) е наследство од ЕКСПО-1962 и Монореилот. Мостот Васко Де Гама на реката Тахо во близина на Лисабона во 1998, исто така, е наследство од ЕКСПО, тогаш најдолг мост во Европа. Португалија може со право да бидат горди на уникатна структура бидејќи оваа градба претставува своевиден архитектонски бум во достигнувања на човештвото на крајот на дваесеттиот век. ЕКСПО во Београд ќе остави големо наследство, а Београѓани како објекти кои ќе значат за населението се Националниот стадион и Саемот.

Многу градби се заштитени од УНЕСКО. Организацијата на ЕКСПО чини многу пари, кои за многу кратко време се враќаат на организаторите. Објектите кои се изградени остануваат како трајна и универзална вредност и цивилизациска придобивка која отсликува и валоризира одреден период.



ИЛИЈА ЈАНЕВ

# ВО ПОСЕТА НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ВО КАВАДАРЦИ

## Интервју со Елизабета Ристова, директорка на Винскиот музеј во Кавадарци









На јужниот дел од Македонија, во Тиквешијата, близу реката Вардар се наоѓа градот Кавадарци, кој е познат по лозарството и винарството, но и по веселите луѓе. Производството на вино во Тиквешијата датира од Античкиот период. Бројните артефакти пронајдени во регионот се сведоци за долгата винарска традиција во овој крај. Во него има многу интересни приказни и места кои го привлекуваат вниманието кај домашните и странските туристи. Кавадарци има голема историја и традиција во одгледување на виновата лоза и производството на вино, која се пренесува од генерации на генерации. Деновиве се претставени неколку нови винотеки чиј вина се изложени во Винскиот музеј на неколку локални семејни винарии. Овој музеј е единствен во нашата земја. Освен тоа, Винскиот музеј е важен и по тоа што, тој, љубоморно ја чува колективната меморија на тајните на производството на виното, но и основните предмети и алатки кои ги користеле производителите на грозје и вино.
Винскиот музеј за регионот Тиквеш-Кавадарци, претставува Специјализиран регионален музеј, прв од ваков тип во Македонија. Основна задача на музејот е да истражува, собира, средува и научно да обработува, заштитува, објавува и презентира музејски предмети за лозарството и винарството. Музејот е сместен на површина од 100м2, во кој се изложени 70 етнолошки предмети поврзани со производство на вино и ракија и 15 фотографии со историска содржина, како и комерцијален дел во кој се изложени квалитетни вина од семејни винарии во регионот.

За да дознаеме повеќе за значењето и работата на Винскиот музеј во Кавадарци го посетивме истиот и разговаравме со директорката Елизабета Ристова.

**Кога е отворен Винскиот музеј и кој е најзаслужен за неговото отворање?**
Одговор: Винскиот музеј за регион Тиквеш – Кавадарци официјално е отворен на 7 септември 2020 година, на денот на ослободувањето на Кавадарци, по иницијатива на градоначалникот д-р Митко Јанчев. Реализиран е во партнерство со Центарот за развој на Вардарски плански регион и Општина Кавадарци во периодот 2019–2020. Со неговото отворање, Кавадарци доби уште едно обележје по кое може да биде препознатлив, а тоа е исконската врска со лозата и виното.

**Што може да понуди музејот на посетителите и што е изложено во него?**
Одговор: Нашиот музеј им нуди на посетителите едно вистинско патување низ времето – од најстарите форми на обработка на лозјата до современите методи на производство на вино. Во просториите се изложени оригинални алатки и предмети кои нашите предци ги користеле со векови за обработка на лозата и правење вино. Тука се и етнолошки предмети што го прикажуваат секојдневието на луѓето во Тиквешијата – од традиционални садови и мебел, до носии и обичаи поврзани со грозјето и виното. Посебно значаен дел е архивската збирка со документи и фотографии, кои раскажуваат приказни за развојот на лозарството во овој крај. А преку мултимедијални содржини, посетителите можат да се запознаат со современите брендови на тиквешките вина и да видат дека нашата традиција не е нешто што останало во минатото, туку е живо наследство што и денес се надградува.

**Какво е значењето на музејот за Тиквешкиот регион?**
Одговор: Значењето на Винскиот музеј е навистина големо и се гледа на повеќе нивоа. Од една страна, тој е симбол на нашата култура и традиција, а од друга страна е место што ја претставува Тиквешијата како регион со свој посебен идентитет. Со музејот ние не само што ја чуваме нашата историја и нашето наследство, туку и ја прикажуваме пред светот на еден достоинствен начин. Ова е просторот каде што минатото и сегашноста се сретнуваат – каде старите алатки и фотографии се надополнуваат со модерна презентација на виното и лозарството. Исто така, музејот е важен поттик за винскиот туризам, кој во последниве години станува сè позначаен дел од туристичката понуда во Македонија. Тој е мост што ги поврзува туристите со локалната заедница, бидејќи секој посетител што ќе влезе тука излегува со поголемо почитување и разбирање за тоа што значи Тиквеш и што значи македонско вино.

**Според Вас, дали Тиквешкиот регион и Кавадарци во нејзиното срце имаат простор за доразвивање** на постоечките капацитети за вински туризам, кој е веќе познат во Европа и светот?
Одговор: Секако дека има и простор и потенцијал за натамошен развој. Веќе сме етаблирани на винската карта на Европа и светот, но винскиот туризам е жива и динамична област – секогаш има нешто ново што може да се понуди, нешто што ќе привлече нови посетители или ќе остави посилен впечаток кај оние што веќе дошле. Потребно е постојано да се вложува во инфраструктурата, да се создаваат нови туристички содржини – како тематски рути, вински фестивали, работилници и дегустации – кои ќе ја направат посетата поразновидна и повпечатлива. Покрај тоа, многу е важно да се вложува и во едукацијата, и на локалното население и на оние што директно работат во туризмот, зашто гостопримството и начинот на кој ќе го раскажеме нашето наследство се исто толку важни како и самото вино. Верувам дека Кавадарци и Тиквешијата имаат сè што е потребно за да станат уште поистакната винска дестинација, препознатлива не само во Европа, туку и на светско ниво.

Како, редакција на Студентско Ехо се заблагодаруваме на директорката Елизабета Ристова, која отстапи дел од нејзиното драгоцено време да ни одговори на нашите прашања.

# ДРЖАВИ СО ДВА ГЛАВНИ ГРАДА

**Многу држави во светот имаат два главни града. Постојат многу фактори кои влијаат на одредувањето на главните градови во државите. Најважни фактори се: геополитички, безбедносни, урбанистички, сообраќајни, инфраструктурни, економски, политички и др. До 1900 година во светот имало само 40 главни градови. Еден век подоцна (2000 година), тој број се зголемил на 200, бидејќи се појавија нови држави кои настанаа со стекнување независност по распаѓањето на големите колонијални империи (Британија, Франција, Шпанија, Португалија), како и распадот на три федерални држави СССР, Југославија и ЧССР. Војните, револуциите и распадот на големите империи ја променија светската мапа во 20 век каде се среќаваат повеќе главни градови во една држава.**

Сепак, мнозинството земји се определија за концептот еден главен град. Но, има и такви кои имаат два главни града, а Јужна Африка дури три. Изборот на националните влади за одредување на два главни града се должат на неколку фактори: безбедносни, економски, географски, урбанистички и др.

Што е тоа главен град? Професорот по урбанистичко планирање на Универзитетот Квин во Кингстон, Онтарио, главниот град го дефинира како "место каде политичарите се собираат да донесат закони, каде што генерално се наоѓа централниот административен апарат на земјата".

Во продолжение даваме неколку држави кои имаат два, дури и три главни града.

Бенин: Порто Ново е официјален главен град, но градот Котоноу е најголем град во државата и главен политички, економски и културен центар.

Боливија: По Уставот на државата главен град е Сукре, додека седиште на владата е во Ла Паз.

Чиле: По Уставот главен град е Сантијаго, додека Валпараисо е седиште на законодавната власт во Чиле.

Перу: Лима е главен град и седиште на Владата, додека Куско е главен на регионот Куско (град на Инките) и значи средиште или јадро. Поради историското значење на градот, тој е прогласен за главен град на Империјата на Инките и во 1983 година стана дел од културното наследство на УНЕСКО.

Брегот на Слоновата Коска: Главен град е Јамусукро, додека Абиџан е најголем економски центар и седиште на значајни национални институции.









Кралство Есватини (порано Свазиленд): Мбабане и Лобамба

Малезија: Куала Лумпур и Путраџаја

Холандија: По Уставот главен град е Амстердам, додека Хаг е седиште на Парламентот, седиште на сите амбасади, канцеларијата на кралот, како и на меѓународните организации.

Јужна Африка: Во Преторија е седиштето на Владата, во Кејп Таун е седиштето на Парламентот и Блоемфонтејн е седишето на судската власт.

Шри Ланка: Коломбо е најголем град, стопанска и културна престолнина на државата, додека во Шри Јаиварнепура Коте се наоѓа седиштето на владата и парламентот на Шри Ланка.

Танзанија: Дар ес Салаам и Додома

Причини за прогласување на два главни града

Причините се различни. Една од нив е конкуренцијата помеѓу големите градови за моќ и влијанија во државата кои се наоѓаат во различни региони. Регионалната конкуренција за моќ и влијание на големите градови е важен фактор. Никој од нив не сака нивниот ривал да ја искористи предноста да биде седиште на владата.





Јужна Африка се определи за распределување на националната власт помеѓу градовите Кејп Таун, Преторија и Блоемфонтеин.

Во колонизираните држави главните градови биле наменски лоцирани на бреговите од морињата за да имаат добар пристап до море кој води до главниот град на империјата. Со деколонизирање на државите, главните градови биле преместувани во централните делови на државата за да биде достапен до сите граѓани. Многу важна причина што државите ги преместувале главните градови од морскиот брег во континенталниот дел е и безбедноста.

Во 1973 година, во Танзанија беше промовиран план за префрлање на главниот град од Дар ес Салам во Додома. Во 1996 година националната влада донесе одлука националниот парламент да се пресели во новиот главен град Додома, а Дар ес Салаам да биде седиште на голем број владини институции.

Во последно време причините за преселба на престолнината е идејата за изградба на нов плански град со совршен урбанизам и показател за економскиот прогрес на една земја, па се до присилни одлуки под влијание на климатските промени, како и воено-тактички причини за спречување државни удари, масовни протести и елитизам.

Концепт на изградба на нови главни градови

Концептот на изградба на нови главни градови стана значаен откако актуелните главни градови станаа претесни, нефункционални и неодржливи на подолг рок, пред се од урбанистички, демографски, сообраќаен аспект, а во последно време и од климатски фактори. Во моментот има повеќе држави во кои се градат нови главни градови, а тие се: Египет, Индонезија, Малезија, го пресели главниот град од Куала Лумпур во Путраџаја.

Главен град на Индонезија во изградба е Нусантара, кој се наоѓа на островот Борнео. Причина за овој голем проект е пренаселеност и тонење на главниот град Џакарта. Новиот главен град е замислен како одржлива и високотехнолошка алтернатива на пренаселената Џакарта. Изградбата на Нусантара чини 32 милијарди долари.

Во Египет започна да се гради нов главен град одалечен 45 км источно од Каиро. Името на новиот главен град сеуште не е одреден. Во изградбата на градот владата планира да вложи 45 милијарди долари. Во новиот главен град ќе биде седиште на парламентот, владата, министерствата и претседателството. Пред неколку години Египет поднесе кандидатура за домаќин на Летните олимписки игри и поради тоа засилено се подготвува да биде одреден за домаќин на игрите во 2036 или 2040 година. Можно е новиот главен град да биде одреден за домаќин на Летните олимписки игри.

Во Малезија, јужно од Куала Лумпур, е изграден нов главен град со назив Путраџаја. Во него се преместени неколку федерални малезиски министерства. Градот е именуван по првиот малезиски премиер Тунку Абдул Рахман Путра. Во малајскиот јазик, санскритските зборови "Путра" значи син додека "Џаја" значи успех.

Претходно беа изградени нови главни градови во Бразил и Нигерија. Во 1956 година во Бразил започна да се гради нов главен град во централниот дел на државата со назив Бразилија. До тогаш главен град на Бразил беше Рио де Женаиро, кој се наоѓа на брегот на Атлантикот. Официјално Бразилија стана главен град на Бразил во 1960 година. Беше замислен како главен град без семафори. Но, поради брзиот раст на градот, оригиналниот урбанистички план се промени, по што се воведени и семафори. Бразилската влада се определи за ваков чекор за да ја зголеми густината на населението во централниот дел на државата. Поради неговата урбанистичка вредност градот Бразилија стана град со културно наследство заштитено од УНЕСКО.

Поради централната географска позиција во државата, Мадрид и Анкара биле прогласени за главни градови. Од 1453-1923 година главен град на Турција бил Истанбул. Од 1923 година за главен град е определен Анкара како град кој се наоѓа во централна Турција каде гравитирале поголемите и развиените региони.

Во 1980 година Владата на најмногубројната држава во Африка, Нигерија, донесе одлука да се гради нов главен град со назив Абуџа. Во 1991 година Абуџа официјално стана главен град на државата наместо Лагос. Голем дел од дизајнот на зградите во градот е дело на познатиот јапонски архитект Кензо Танге, кој е познат и по архитектонското обновување на Скопје по земјотресот. Поради етничките и религиозните поделби во Нигерија, Владата донела план според кој од независноста на Нигерија да се одреди но главен град кој ќе биде неутрален за сите поголеми етнички групи, а кој ќе се наоѓа во близина на сите региони на Нигерија. Локацијата била одредена во центарот на земјата, кој ќе гарантира неутралност и национално единство меѓу различните етнички и религиозни групи.



# ЕКО-АКТИВИСТКАТА ГРЕТА ТУНБЕРГ ЈА ПОСЕТИ МАКЕДОНИЈА



**Познатата шведска еко-активистка, Грета Тунгберг, летово, престојуваше во Македонија. Нејзината посета не предизвика поголемо медиумско внимание. Зошто традиционалните медиуми не ја покрија нејзината посета во Тетово и Кавадарци не ни е познато. Само неколку портали срамежливо ја информираа јавноста за нејзината посета. Нејзиното присуство го размрда/раздвижи граѓанскиот активизам за заштита на природата и климатските промени. Нејзината посета започна во Тетово, каде што се сретна со локалните активности и заедници во Социјално-културниот центар (Space Tetova). Тунгберг во Тетово беше гостинка на Social-Cultur-al Space, кадешто зборуваше со локални организации за еколошки и општествени теми, како и за нивните активности и планови во иднина.**

Посета на Кожуф и Дошница
Сепак кулминацијата на нејзината посета беше кога таа се приклучи на граѓанската блокада кај реката Дошница на подножјето на планината Кожуф организирана против плановите за изградба на мали хидроцентрали.
Еко-активисти од Македонија придружувани од познатата еко-активистка Грета Тунгберг, на 26 јули го блокираа местото на изградба на малата хидроцентрала кај реката Дошница, истакнувајќи ја нејзината загриженост за влијанието на планираните мини хидроцентрали врз еден од ретко сочуваните речни екосистеми во Македонија. На протестите можеа да се забележат многу транспаренти со пораките: „Дошница е живот, не профит".
Локалните еколошки организации ги предупредија надлежните институции дека проектите како што се „Лепара" и „Бардов дол" сериозно можат да предизвикаат значајни еколошки последици како што се: промена на водниот режим, влијание врз биодиверзитетот, проблеми со водоснабдување на населението и др.
Тунгберг како еко-активистка даде симболична и медиумска тежина за самиот настан со нагласување на тоа да се зачуваат ретките екосистеми.

Регионална димензија и медиумско внимание
Настанот доби меѓународна медиумска покриеност, разни прилои и снимки го истакнаа присуството на Тунгберг и пораките на активистите од теренот на Кожуф.
Зошто е важна Дошница?
Дошница се смета за река со високи природни и еколошки вредности. Се влева во реката Вардар и нејзиното сливно подрачје има исклучително значење за жителите од тој дел на земјата. Граѓанските иницијативи тврдат дека серијата од мини хидроцентрали на такви водотеци, без соодветни процени и соодветни мерки би можеле да го деградираат целиот екосистем. Преку протести се бара ревизија и стопирање постапките и поголеми вклучувања за јавни расправи од таков тип.
Што следи?
По посетата на Тунгберг на Македонија, таа продолжи со регионални активности и средби со активисти. Со нејзината интервенција таа го зголеми фокусот на јавноста и институциите кон регулативата за мини хидроцентрали и учеството на јавноста во одлучувањето за прашања од таков тип.





# МИЛА ТОДОРОВА
## ПРИКАЗНА ОД ПРАКТИЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ ВО ТВ АЛФА

**Мила Тодорова, студентка на Правниот факултет на Студиската програма по Медиумски студии и односи со јавноста при УГД-Штип, под менторство на проф. на Искра Коровешоска, обави практична настава во ТВ Алфа и на тој начин го печеше новинарскиот занает. Таа, своето теоретско знаење што го стекна во прва година на Правниот факултет на Медиумски студии и односи со јавноста, имаше одлична можност да го применува во практиката. Таа веќе знае да ги применува основните принципи на етичкото новинарство, да ги препознава лажните вести и што е најважно знае да креира квалитена и вистинита информативна содржина.**



-Импресионирана сум од мојот престој во ТВ Алфа. Таму многу научив во навлегувањето на тајните на новинарската професија. Во тоа многу ми помогна новинарката Искра Коровешоска, која беше мој ментор и едукатор зашто бескрајно сум и благодарна. Деновите ми поминуваат многу бргу. Како практикант секое утро присиствувам на колегиум. Добивам задача и, со сниматели, камера и микрофон, за неколку минути сум на терен. Анкети меѓу граѓаните, прес конференции, семинари, и ниту еден ден не е ист како претходниот, а секојдневно учам што е новинарството, учам да ја препознаам суштината на информацијата, да ја обработам и да ја презентирам во информативните изданија – популарно познати како вести. Најважно е што учам да бидам одговорна за тоа што го објавувам, бидејќи за етичко новинарство, професионализам и интегритет учам на студиите, на Правниот факултет на УГД-Штип. Бесценета е можноста да можам теоретското знаење да го применам на терен. Истовремено, иако сум се уште студент, и не сум ни на половина студии, јас веќе имам можност да заработувам од она што го учам – најголемата желба на секој млад човек во Македонија.
Како студентка што "шетала" на повеќе факултети додека не се пронајдам, можам да кажам дека го пронајдов вистинскиот факултет и сфатив дека студиите на УГД не се само учење за испит, туку повеќе од тоа. Професорите на УГД со своите предавања вложуваат голем напор го прави она што треба сите универзитети: да им овозможат на студентите да си печалат, да се усовршуваат и обучуваат, во она што го студираат. Шанса добив со помош на професорката Искра Коровешовска, чиј студент сум. Според неа, љубовта кон работата, дисциплината, одговорноста и професионализмот, се работи кои студентите мора додека студираат да имаат можност да ги научат.
-Стравот кај младите кога дипломираат е „спакуван" во прашањето „и што сега?". Се плашат дали ќе најдат работа, а со тоа им се урива и самодовербата. Затоа од исклучителна важност е да се одвиваат двата процеси паралелно: да се студира и да се овозможи практична работа за младите да можат да бидат максимално подготвени за пазарот на труд, вели Коровешовска.

Алфа ТВ



# ПОЛОВИНА ВЕК ОД РАЃАЊЕТО НА ПРВОТО ДЕТЕ ОД ЕПРУВЕТА

Веста дека се роди дете зачнато од епрувета светската јавност ја прими со неверување и резерва. Ако пред половина век тоа беше сензација и револуција во медицината, денес за е рутинска работа.. Никој ни на сон не можеше да поверува (предчуствува) дека во медицината и гинекологијата ќе се случи големо револуционерно откритие, со кое ќе може на вештачки начин да се изврши вештачко оплодување познато како ин витро. Со помош на овој метод во наредните 47 години ќе се родат 12 милиони деца (Лујза Браун).

Пред половина век д-р Патрик Стептоу, гинеколог и акушер, Роберт Едвардс, биолог и физиолог, потпомогнати од медицинската сестра Џин Пурди јавно обелоденија дека откриле нов метод за вештачко оплодување (ин витро) на жените.

Лесли и Џон Браун е првиот брачен пар кои добија дете со ин витро методот. Тие се бореа десет 10 година да добијат дете по природен пат, но, не можеа.

На 25.07.1978 медиумите бобастично објавија неверојатна вест. Се роди првото бебе со вештачко оплодување, познато во медицината како како ин витро.

Тоа дете беше најпознатото дете кое пред 47 години кое е зачнато од епрувета.

Уживам да се појавувам во медиумите и да присуствувам на настани за да објаснам како дошло до ин витро фертилизацијата и да им дадам помош и поддршка на сите оние кои се обидуваат да забременат и на оние кои работат на ин витро фертилизацијата и науката што ме донесе во јавноста. Тоа беше најзначајниот медицински пробив на 20 век – а воедно значеше и крај на 10-годишното патување на моите родители Лесли и Џон Браун, кои се обидувале да имаат деца - изјави Лујза Џој Браун.

За придонес во развојот на репродуктивната медицина и вештачкото вонтелесно оплодување, на Едвардс во 2010 година му беше доделена Нобеловата награда за медицина. Тој бил професор по репродуктивни науки на Универзитетот Кембриџ, Велика Британија. Стептоу и сестрата Перди не ја добија Нобелова награда во областа на медицината, бидејќи наградата не се доделува постхумно.







# АКТИВНОСТ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА НА УГД-ШТИП

На 07.10.2025 година во Македонската филхармонија се одржа концерт на Националниот џез оркестар со студентите од Џез Одделот на Музичката академија на УГД-Штип и студенти Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во преполната сала, присутните со огромно внимание го проследија настапот на џез кремот во Македонија, кои музицираа ноти (дела) од најпознатите џез имиња. Концертот го проследија и познати имиња од џез музиката на Македонија. Во настапот на оркестарот, меѓу кои беа и студенти на УГД можеа да се препознаат новите џез таленти и музичари кои се иднината на џезот во нашата земја. На крајот, учесниците беа наградени со голем аплауз од присутните.








# ШТО Е УНИВЕРЗИЈАДА?



Универзијадата е синоним за Универзитетски спортски игри, а нејзин организатор е Меѓународната универзитетска спортска федерација. Зборот „Универзијада“ потекнува од зборовите „Универзитет“ и „Олимпијада“. Денес наместо поимот Универзијда, често се употребуваат и поимите „Светски универзитетски игри“ и „Светски студентски игри“.

Светски студентски игри одржани пред првата Универзијада

Меѓу студентската популација секогаш имало спортисти во различни спортски дисциплини кои сакале да си ги одмерат силите со студенти од други држави. Секој Универзитет во Европа и светот има спортски екипи кои ги финасира и поддржува во националните лиги и во меѓународни рамки. Студентите на ниво на држава се организирани во Универзитетска спортска федерација, со цел да промовира и развива практика во спортот. 20 Септември е меѓународен ден на Универзистетскиот спорт прогласен од страна на УНЕСКО.

Првите официјални светски студентски игри биле одржани во 1924 година, кои биле организирани од Меѓународната студентска конфедерација. Во 1930 година игрите биле преименувани во Светски студентски игри. По завршување на Втората светска војна, во 1949 година била организирана Летна меѓународна универзитетска спортска недела, а од 1957 година “Светски универзитетски игри”. Сепак за официјален почеток на современите Универзијади се смета 1959 година, кога е одржана првата Летна универзијада во Торино, односно Првата Зимска Универзијада која е одржана во зимскиот центар Шамони, Франција, во 1960 година.

Воспоставени се два вида на студентски натпреварувања: Летна и Зимска универзијада кои се одржуваат на две години. Досега се одржани 32 Летни и 31 Зимска универзијада.















# УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ И ВРАБОТЕНИ ПРИ УГД НА 21 WIZZ AIR СКОПСКИ МАРАТОН



На 5 Октомври 2025 година, студенти и вработени од УГД зедоа учество на 21 издание на најголемиот спортски настан во нашата земја Wizz Air Скопски маратон, Преставниците на УГД зедоа учество во трите трки: маратон, полумаратон и трка на 5 км. На трките од УГД учествуваа над 80 студенти и вработени, во машка и женска конкуренција. Учеството на студентите и вработените на УГД е дел од активностите на Спортскиот и Културниот Центар на Универзитетот.

Учеството на оваа атлетска манифестација стана традиција и одлична можност за промоција на здрави навики, спортски дух и тимска енергија.

Генерален покровител на Виз Ер скопски маратон е Министерството за спорт.







**COURSE MAP**

MARATHON (42.195 KM)
MARATHON RELAY (10/11/10/11 KM)
HALF MARATHON (21.097 KM)



# АРМАНД ДУПЛАНТИС

## СПОРТИСТ КОЈ ГИ РУШИ СОПСТВЕНИТЕ РЕКОРДИ

### Човекот кој не знае до каде е крајот на неговите височини.



Арманд Дуплантис познат како Мондо е најпознатиот спортист-атлетичар и светски рекордер во дисциплината скок со стап. За него велат дека повеќе е во воздухот отколку на земјата. Познавачите на неговиот потенцијал и желба за нови рекорди предвидуваат дека тој може да пескокне 6.50 м. Мондо, на

Светското првенство во атлетика во Токио постигна нов светски рекорд од 6.30 м. Претходно, Дуплантис 14 пати го собори сопствениот рекорд и поради тоа е наречен спортист кој се бори сам со своите рекорди.. Дваесетипетгодишниот Швеѓанец го држи светскиот рекорд од 2020 година, кога го собри рекордот на Французинот Рене Лавилени со скок од 6.17 метри.

Дуплантис е роден во атлетско семејство. Неговиот татко Американец, Грег Дуплантис, кој по потекло е Кајун од Луизијана е поранешен скокач со стап со личен рекорд од 5,80 м, додека неговата мајка Хелена (родена Хедлунд) е швеѓанка и поранешна седмобојка и одбојкарка. Тој е олимиски шампион во дисциплината скок со стап на ЛОИ, Токио 2020, кои поради Пандемијата се одржаа во 2021 година.

Негова најголема конкуренција е Гркот Емануел Каралис со резултат од 6.08 м, што е разлика од 22 сантиметри. Некои научници предвидуваат дека физичкиот максимум би можел да биде околу 6,50 метри. Дуплантис потврдува дека тоа е неговата цел до крајот на кариерата. На прашањето каде го гледа крајот, а тој одговори Не го гледам крајот. Границата? Сè уште нема, изјави тој неодамна за „Би-Би-Си“.

Неговата комбинација од талент, посветеност, совршена техника и сценски талент го направи не само најголемиот скокач со стап на сите времиња – туку и еден од најголемите амбасадори на атлетиката во 21 век. Кога тој се натпреварува на митинзите стадионите се полни, во исчекување на нов светски рекорд во скок со стап.











УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE$^2$
EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged